Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 02-536/2
02. 11 2022 год./viti
Скопје / Shkup

Врз основа на член 14 од Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризам на Република Македонија ("Службен весник" на Република Македонија бр. 103/08, 59/12, 156/10, 187/13 и 41/2014) и Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката („Службен весник на Република Македонија" бр.15/03, 121/06, 158/07, 64/09, 119/09, 81/10, 92/10 и 214/18) директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризам на ден 05.10.2022 година, донесе

Архивски знак. ______
Рок на чување. ______
______ 20 ___ год.
Потпис,
______

# ИНТЕРЕН ПРАВИЛНИК
за користење на службен мобилен телефон

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој интерен правилник се определуваат корисниците на службен мобилен телефон во Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот ( во натамошниот текст: Агенцијата), начинот на задолжување и на користење службен мобилен телефон и кориснички идентификациски модул (во натамошниот текст: СИМ-картичката со мобилен телефон, како и начинот на надоместување на сметката повисока од ограничувањето утврдено со овој интерен правилник.

**Член 2**

Службен мобилен телефон во смисла на овој интерен правилник е мобилен телефонски апарат и СИМ-картичката со мобилен телефонски број.

## II. КОРИСНИЦИ НА СЛУЖБЕН МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА СМЕТКАТА И НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ПРЕЧЕКОРУВАЊЕТО НАД ИЗНОСОТ ОД СМЕТКАТА НА КОРИСНИКОТ

**Член 3**

(1) Корисници на службен мобилен телефон се вработените во Агенцијата и други лица договорно или на друг начин ангажирани во Агенцијата.
(2) Правото на користење на службен мобилен телефон на корисниците од ставот (1) на овој член се утврдува со одлука на директорот за определување на корисници на службени мобилени телефони

**Член 4**

(1) Износот на сметките на службените мобилни телефони кои ќе ги користат вработените во Агенцијата, се ограничува до максималниот износ на пакетот определен по назначување , Ниво на работно место или друг начин на ангажирани лица во Агенцијата, според табелата која следува:

| Реден број | Категорија на работно место | Пакет | Ограничен износ на месечен надомест без ДДВ во земјата | Ограничен износ на месечен надомест без ДДВ во странство |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Директор | Бизнис Ултимејд 81 | 1860 денари | |
| 2. | Б02, Б04 | Бизнис Ултимејд 80 | 780 денари | |
| 3. | В01, В02, В03, В04 | Бизнис Ултимејд 79 | 350 денари | |
| 4 | Други лица договорно или на друг начин ангажирани во Агенцијата | Бизнис Ултимејд 79 | 350 денари | |

(2) Директорот со решение може да го зголеми максималниот износ на сметките на службените мобилни телефони од ставот (1) на овој член за вработените кои заради специфични работни задачи имаат потреба од зголемена службена комуникација со надворешни соработници.

## III. КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕН МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН

### Член 5

(1) Корисниците од член 4 на овој интерен правилник стекнуваат право на користење на службен мобилен телефон, од денот на приемот на овластување за користење на службен мобилен телефон и по потпишување на изјава дека се согласни во случај на пречекорување на ограничувањето на сметката за користење на службен мобилен телефон, разликата од утврденото ограничување на износот на сметката да му биде задржана од неговата плата .

(2) Изјавата од став (1) на овој член се предава и се чува во Одделението за финасиски прашања.

(3) Формата и содржината на образецот на изјавата од став (1) на овој член се дадени во прилог број 1 кој е составен дел на овој правилник.

### Член 6

(1) Одделението за финасиски прашања врши проверка, на месечно ниво, на износот на сметките на корисниците на службен мобилен телефон и изготвува листа на корисници кои го надминале ограничувањето на висината на сметката

(2) Одделението за финасиски прашања писмено го известува директорот на Агенцијата и корисниците за пречекорувањето на сметката.

(3) Во случај на надминување на ограничувањето на висината на сметката на корисникот на службен мобилен телефон, надминатата сума се одбива од платата на вработените.

(4) Доколку корисникот на службен мобилен телефон смета дека пречекорувањето е за службени потреби , истото пополнува барање на одобрување на пречекорената сума, и преку Одделението за финасиски прашања го доставува до директорот на Агенцијата.

(5) Формата и содржината на образецот на барање на одобрување на пречекорената сума од став (4) на овој член се дадени во прилог број 2 кој е составен дел на овој правилник.

(6) Директорот на Агенцијата има право по сопствено видување и процена, да ја цени службеноста на настанатиот трошок и конечно да го прифатри или отфрли барањето од став (4) на овој член.

**Член 7**

Врз основа на издадено овластување за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и на СИМ-картичката , како и потпишаната изјава од Член 5 на овој интерен правилник, задолженото лице од одделението за финасиски прашања му го предава на корисникот мобилниот телефонски апарат и СИМ-картичката и корисникот го задолжува на личен реверс.

**Член 8**

(1) Корисниците на службен мобилен телефон, должни се да го користат рационално, само за службени потреби , при што не е дозволено пренесување на информации и податоци кои преставуваат класифицирани информации согласно закон.
(2) Во случај на констатирано неправилно користење , директорот на Агенцијата со посебно решение го одзема правото на користење на службениот мобилен телефон од страна на кориснокот.
(3) За повторно користење на службен мобилен телефон, одлучува доректорот на Агенцијата по претходно поднесено барање на вработениот на кој му било одземено правото на користење на службен мобилен телефон.

**Член 9**

(1) Во случај кога корисникот го изгубил или на друг начин констатирал дека службениот мобилен телефон му изчезнал, должен е веднаш да ја блокира СИМ-картичката кај мобилниот оператор и истата да ја стави надвор од употреба, да поднесе писмена изјава до задолженото лице за следење на договорот и да приложи записник од МР дека случајот е соодветно пријавен.
(2) Корисникот на службениот мобилен телефон е должен да ги надомести сите торшоци, односно да ја обештети Агенцијата за штетата што ја предизвикал поради непостапување согласно со ставот (1) од овој член.

**Член 10**

При престанување на работниот однос, разрешување или престанување на работниот ангажман, корисникот од Член 4 на овој интерен правилник е должен да го раздолжи телефонскиот апарат и бројот кој го користел кај задолженото лице во одделението за финасиски прашања , најдоцна 3 (три) дена пред истекот на рокот на одјавување или завршување на работниот ангажман.

**Член 11**

Корисниците на службен мобилен телефон кои постапуваат спротивно на одредбите на овој интерен правилник , ќе одговараат согласно со позитивните законски прописи.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 12**

Со влегување во сила на овој интерен правилник престанува да важи Одлуката бр. 05-515/13 од 07.11.2018 година, Одлуката бр.05-226 од 06.03.2019 година и Одлуката бр.03-452/11 од 06.08.2020 година

**Член 13**

Овој интерен правилник влегува во сила на денот на неговото донесување, а ќе се објави на веб-страната на Агенцијата.

**Директор,**
д-р Љупчо Јаневски